Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:
TITULLI I INFORMACIONIT dhe PËRMBAJTJA:

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
# PROPOZIM LIGJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDËRMARRJET PUBLIKE

Скопје, јули 2021 година/ Shkup, korrik, viti 2021

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**ВОВЕД:**

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Јавните претпријатија се регулирани со Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19).

Јавните претпријатија се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес. Јавни претпријатија во име на Република Македонија основа Владата на Република Македонија, во име на општината советот на општината и во име на градот Скопје Советот на градот Скопје.

Органи на јавното претпријатие се:

- Управен одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор.

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку пет, а најмногу 15 членови. Во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

За претседател и член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна

**HYRJE:**

**I. VLERËSIM I GJENDJEVE NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJIN DHE ARSYET PËR MIRATIMIN E LIGJIT**

Ndërmarrjet publike janë të rregulluara me Ligjin për Ndërmarrjet Publike („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 275/19).

Ndërmarrjet publike themelohen për shkak të ushtrimit të veprimtarive me interes publik. Ndërmarrje publike në emër të Republikës së Maqedonisë themelon Qeveria e Republikës së Maqedonisë, në emër të komunës këshilli komunal dhe në emër të Qytetit të Shkupit, Këshilli i Qytetit të Shkupit.

Organe të ndërmarrjes publike janë:

- Këshilli Drejtues
- Drejtori dhe
- Këshilli Mbikëqyrës

Këshilli drejtues i ndërmarrjes publike përbëhet prej së paku 5, e më së shumti 15 anëtarëve. Në këshillin drejtues themeluesi emëron, respektivisht shkarkon përfaqësues nga radhët e profesionistëve të afirmuar dhe të njohur në fushën e lëndës së punës së ndërmarrjes publike, duke marrë parasysh edhe përfaqësimin përkatës dhe të drejtë të të gjitha bashkësive.

Për kryetar dhe anëtar të këshillit drejtues mund të emërohet personi i cili i plotëson kushtet si vijon:

- është shtetas i Republikës së Maqedonisë
- ka përvetësuar së paku 240 kredi, sipas EKTS-së ose ka të mbaruar shkallën e arsimit VII/1

| | |
|---|---|
| судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и | - në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës, dhe |
| - има минимум три години работно искуство. | - ka së paku tre vjet përvojë pune. |
| Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од четири години. | Kohëzgjatja e mandatit të anëtarëve të këshillit drejtues nuk mund të jetë më i gjatë se kaler vite. |
| За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) од пет члена. Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години. Членовите на надзорниот одбор ги именува, односно разрешува основачот. | Për ushtrimin e kontrollit të punës materile-financiare të ndërmarrjes publike formohet këshill mbikëqyrës I kontrollit të punës materiale-financiare (në tekstin e mëposhtëm: këshill mbikëqyrës), nga pesë antëtarë. Kohëzgjatja e mandatit të anëtarëve të këshillit mbikëqyrës nuk mund të jetë më shumë se 4 vite. Anëtarët e këshillit mbikëqyrës i emëron, respektivisht i shkarkon themeluesi. |
| - За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: | - Anëtar i këshillit mbikëqyrës mund të emërohet personi i cili i plotëson kushtet si vijon: |
| - е државјанин на Република Македонија, | - është shtetas i Republikës së Maqedonisë, |
| - има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, | - ka përvetësuar së paku 240 kredi sipas EKTS-së ose ka mbaruar shkallën e arsimit VII/1, |
| - во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и | - në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës dhe |
| - има минимум три години работно искуство. | - ka së paku tre vjet përvojë pune. |
| Заради вршење на работите на контрола надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот. Членовите на надзорниот одбор за | Për shkak të ushtrimit të punëve të kontrollit këshilli mbikëqyrës i kontrollit, mund të ushtrojë inspektimin në vendin e ngjarjes e të gjitha dokumenteve dhe shkresave të ndërmarrjes publike. Këshilli mbikëqyrës i kontrollit për shkak të inspektimit të dokumenteve dhe shkresave të ndërmarrjes publike, mund të thërrasë |

| | |
|---|---|
| контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор. Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие. Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно. | profesionistë, të cilët do t'i ndihmojnë në zgjidhjen e mbikëqyrjes. Anëtarët e këshillit mbikëqyrës të kontrollit mund të marrin pjesë në seancën e këshillit drejtues, dhe u dorëzohet ftesë me të gjitha materialet që u dorëzohen anëtarëve të këshillit drejtues.<br><br>Këshilli mbikëqyrës i kontrollit detyrimisht i shqyrton raportet tremujore që përmbajnë indikatorë për punën financiare, llogaritë vjetore dhe raportin për punën e ndërmarrjes publike, dhe pas shqyrtimit i jep mendim këshillit drejtues.<br>Këshilli drejtues nuk mund t'i miratojë raportet tremujore që përmbajnë indikatorë për punën financiare, llogarite vjetore dhe raportin për punën e ndërmarrjes publike, nëse paraprakisht nuk merr mendim pozitiv nga këshilli mbikëqyrës i kontrollit.<br><br>Këshilli mbikëqyrës i kontrollit mund të jap aprovim të akteve të miratuara nga këshilli drejtues, nëse kjo është përcaktuar me statutin e ndërmarrjes publike.<br><br>Raportin për shqyrtimin e llogarive vjetore dhe raportin për punën e ndërmarrjes publike, me mendimin e tij, këshilli mbikëqyrës i kontrollit ia dorëzon ministrit të Financave. Në raportin, drejtuar ministrit të Financave, këshilli mbikëqyrës i kontrollit, e njofton me gjendjen e ndërmarrjes publike, mbi punën e të cilës, ushtron kontroll.<br>Këshilli mbikëqyrës mblidhet së paku 4 herë në vjet. |
| Законот за јавните претпријатија ја регулира работата и делувањето на јавните претпријатија Законот содржи услови за назначување на членови на управни одбори, директори и членови на надзорни одбори. Сепак условите за назначување на членови на управни и надзорни одбори се премногу општи и не се поврзани со самата надлежност на јавното претпријатие. Во однос на назначувањето на овие лица, недостасува мерит процедура, односно не е регулирана постапка за избор на најдобар кандидат, во случаи кога има повеќе кандидати за една позиција. Законот содржи јасни одредби за редовна контрола на целокупната финансиска работа на јавното претпријатие од страна на надзорниот одбор. Ова би значело дека членовите на надзорниот одбор треба многу добро да ја познаваат работата на јавното претпријатие, како и сите прописи кои се однесуваат на работата на јавните претпријатија, а од друга страна законот не пропишува јасни услови за вакви квалификации | Ligji për ndërmarrjet publike e rregullon punën dhe veprimtarinë e ndërmarrjeve publike. Ligji përmban kushte për emërimin e anëtarëve të këshillave drejtuese, drejtorëve dhe anëtarëve të këshillave mbikëqyrëse. Megjithatë kushtet për emërimin e anëtarëve të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse janë shumë të përgjithshme dhe nuk janë të ndërlidhura me vetë kompetencën e ndërmarrjes publike. Sa i përket emërimit të këtyre personave, mungon meritë-procedura, respektivisht nuk është rregulluar procedura për zgjedhjen e kandidatit më të mirë, në raste kur ka më shumë kandidatë për një pozitë. Ligji përmban dispozita të qarta për kontrollin e rregullt të punës së tërësishme financiare të ndërmarrjes publike nga këshilli mbikëqyrës. Kjo do të thoshte se anëtarët e këshillit mbikëqyrës duhet ta njohin shumë mirë punën |

| | |
|---|---|
| на членовите на надзорниот одбор. Со тоа во пракса се доведува во прашање вршењето соодветна контрола.<br>Детектирани слабости се: дискреционо одлучување за бројот на членови на управните одбори кај дел од основачите на јавни претпријатија, нетранспарентна постапка за нивно именување, не постои воедначеност во однос на број на членови на управниот одбор и надзорниот одбор, видот на образованието кое треба да го имаат членовите, работното искуство по дипломирање, надоместокот кој се исплаќа. | e ndërmarrjes publike, si dhe të gjitha rregullat që kanë të bëjnë me punën e ndërmarrjeve publike, e nga ana tjetër ligji nuk përshkruan kushte të qarta për kualifikime të këtilla të anëtarëve të këshillit mbikëqyrës. Më këtë në praktikë vihet në pikëpyetje ushtrimi i kontrollit adekuat.<br>Dobësitë e detektuara janë: vendimmarrja diskrete për numrin e anëtarëve të këshillave drejtuese te një pjesë e themeluesve të ndërmarrjeve publike, procedura jotransparente për emërimin e tyre, nuk ekziston barazi sa i përket numrit të anëtarëve të këshillit drejtues dhe këshillit mbikëqyrës, llojin e arsimimit që duhet ta kenë anëtarët, përvojën e punës pas diplomimit, kompensimin që paguhet. |
| **II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА** | II. QËLLIME, PARIME DHE ZGJIDHJE THEMELORE |
| Целта на овие измени на Законот за јавните претпријатија е да се воспостави мерит процедура за селекција и назначување на членови на управните и на надзорните одбори во јавните претпријатија. Воведува транспарентност во постапката за пријавување и селекција. Дополнително законот пропишува и услови за разрешување на членовите на управните и надзорните одбор на јавните претпријатија, ги зајакнува критериумите за членови на управни и надзорни одбори, го намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и утврдува профил на лица кои можат да бидат членови на управни и на надзорни одбори. | Qellimi i këtyre ndryshimeve të Ligjit për ndërmarrjet publike është që të vendoset meritë-procedura për seleksionimin dhe emërimin e anëtarëve të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse. Vendosë transparence në procedurën për aplikim dhe seleksionim. Në mënyrë plotësuese ligji përcakton edhe kushte për shkarkimin e anëtarëve të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse të ndërmarrjeve publike, i forcon kriteret për anëtarë të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse, e zvogëlon numrin e anëtarëve të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse, si dhe përcakton profilin e e personave që mund të jenë anëtarë të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse. |
| **III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | III.VLERËSIM I PASOJAVE FINANCIARE NGA PROPOZIM LIGJI NË BUXHETIN DHE MJETET TJERA PUBLIKE FINANCIARE |
| Со оглед на тоа што со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните претпријатија се предлага намалување на бројот на членови на управни и надзорни одбори, законот нема да бара никакви дополнителни средства од Буџетот на Република Северна Македонија. | Duke marrë parasysh që me ndryshimet dhe plotësimet e propozuara të Ligjit për. ndërmarrjet publike propozohet zvogëlimi i numrit të anëtarëve të këshillave drejtuese dhe mbikëqyrëse, ligji nuk do të kërkojë kurrfarë mjete plotësuese nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut. |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ | IV. VLERËSIM I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRËN E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA PËR ATË NËSE ZBATIMI I LIGJIT TËRHEQ DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA |
|---|---|
| За спроведување на овој закон, не се потребни дополнителни финансиски средства. | Për zbatimin e këtij ligji, nuk nevojiten mjete plotësuese financiare. |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Член 1

Во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 ), членот 17 се менува и гласи:

„Управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, градот Скопје, општината во која живеат над 50.000 жители, како и управниот одбор на меѓуопштинско јавно претпријатие се состои од седум членови.

Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители се состои од пет членови.

Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,

**PROPOZIM LIGJ PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR NDËRMARRJET PUBLIKE**

Neni 1

Në Ligjin për Ndërmarrjet Publike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 6p.275/19), neni 17 ndryshohet dhe në të thuhet:

„Këshilli drejtues i ndërmarrjes publike të themeluar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Qyteti i Shkupit, komuna në të cilën jetojnë mbi 50.000 banorë, si dhe këshilli drejtues i ndërmarrjes publike ndërkomunale përbëhet nga 7 anëtarë.
Këshilli drejtues i ndërmarrjes publike, të themeluar nga komuna ku jetojnë mbi 50.000 banorë përbëhet nga pesë anëtarë.

Anëtarët e këshillit drejtues të ndëmarrjes publike i emëron, respektivisht i shkarkon themeluesi i ndërmarrjes publike.

Anëtar i këshillit drejtues të ndërmarrjes publike mund të emërohet personi i cili i plotëson kushtet si vijon:

- është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut
- ka përvetësuar së paku 240 kredi, sipas EKTS-së ose ka mbaruar shkallën e arsimit VII/I
- në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë dhe detyrës.

| | |
|---|---|
| - најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,<br>- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и<br>- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки<br><br>Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат " | Përveç kushteve nga paragrafi 4 i këtij neni, anëtarët e këshillit drejtus në ndërmarrjen publike duhet të kenë edhe përvojë adekuate të punës, edhe atë:<br><br>- dy anëtarë të këshillit drejtues duhet të kenë së paku 5 vite përvojë nga fusha e veprimtarisë së ndërmarrjes publike, në përputhje me Klasifikimin kombëtar të veprimtarive të Entit Shtetëror të Statistikës,<br>- së paku një anëtar i këshillit drejtues duhet të ketë së paku tre vite përvojë pune nga fusha e punës financiare,<br>- së paku një anëtar i këshillit drejtues duhet të ketë së paku tre vite përvojë pune nga fusha e punëve juridike dhe<br>- së paku një anëtar i këshillit drejtues duhet të ketë tre vite përvojë pune nga fusha e shkencave teknike.<br><br>Kohëzgjatja e mandatit të anëtarëve të këshillit drejtues të ndërmarrjes publike është 4 vite, me të drejtë për edhe një mandati tjetër vijues". |
| Член 2<br><br>По членот 17 се додаваат шест нови членови 17-а, 17-б, 17- в, 17-г, 17-д и 17-ѓ, кои гласат:<br><br>„Член 17-а<br>За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на Генералниот секретар, Владата на Република Северна Македонија распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб страна и на веб страната на јавното претријатие за кое е распишан јавниот повик.<br>За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на град Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб страна и на веб страната на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.<br>Јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети од член 17 од овој закон.<br>На јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик. | Neni 2<br><br>Pas nenit 17, shtohen edhe gjashtë nene tjera, 17-a 17-b, 17- c, 17- ç, 17-d dhe 17-dh, ku thuhet:<br><br>„Neni 17-a<br>Për zgjedhjen e anëtarëve të këshillave drejtuese të ndërmarrjes publike, të themeluar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, tre muaj para skadimit të mandatit të anëtarëve ekzistues, me propozim të sekretarit të përgjithshëm, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut shpall thirrje publike për paraqitjen e personave të interesuar, në ueb-faqen e saj dhe ueb-faqen e ndërmarrjes publike për të cilën është shpallur thirrja publike.<br>Për zgjedhjen e anëtarëve të këshillit drejtues të ndërmarrjes publike, të themeluar nga komuna dhe Qyteti i Shkupit, tre muaj para skadimit të mandatit të anëtarëve ekzistues, me propozim të kryetarit të komunës, respektivisht kryetarit të Qytetit të Shkupit, Këshilli Komunal, respektivisht Këshilli i Qytetit të Shkupit shpall thirrje publike për paraqitjen e personave të interesuar, në ueb-faqen e tij dhe në |

Формата и содржината на јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управниот одбор, ги пропишува министерот за економија.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, постапката за селекција ја спроведува Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој формирана од Владата на Република Северна Македонија.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на град Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од:

- претседател и негов заменик, вработени во општината односно во градот Скопје;
- еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината односно во градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие;
- еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

Член 17-б

Постапката за селекција на членови на управниот одбор на јавното претпријате се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

Член 17-в

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната

ueb-faqen e ndërmarrjes publike, për të cilën është shpallur thirrja publike.

Thirrja publike nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni, posaçërisht përmban të dhëna për kushtet të cilat duhet të plotësohen nga neni 17 i këtij ligi.

Në thirrjen publike sipas paragrafëve 1 dhe 2 të këtij neni, mund të paraqiten të gjithë kandidatët e interesuar, e me paraqitjen dorëzojnë edhe dokumentacion me të cilin vërtetohet se i plotësojnë kushtet e thirrjes publike

Forma dhe përmbajtja e thirrjes publike nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni, mënyra e parashtrimit së aplikimit, formularët e aplikimit, mënyra e vlerësimit dhe seleksionimit të kandidatëve, si dhe çështje të tjera në lidhje me zbatimin e procedurës për emërimin dhe shkarkimin e anëtarëve të këshillit drejtues i përshkruan ministri i Ekonomisë.

Për zgjedhjen e anëtarëve në këshillin drejtues të ndërmarrjes publike të themeluar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, procedura e seleksionimit zhvillohet nga Komisioni për burime njerëzore dhe zhvillim të qëndrueshëm të formuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për zgjedhjen e anëtarëve në këshillin drejtues të ndërmarrjes publike të themeluar nga komuna dhe Qyteti i Shkupit, me propozim të kryetarit të komunës ose kryetarit të Qytetit të Shkupit, Këshilli komunal ose Këshilli i Qytetit të Shkupit, formon Komision për seleksionim i përbërë nga:

- Kryetari dhe zëvendësi i tij, të punësuar në komunë, përkatësisht në Qytetin e Shkupit;
- një anëtar dhe zëvendësi i tij, të punësuar në njësi organizative për menaxhim të burimeve njerëzore në komunën, respektivisht në Qytetin e Shkupit, nga e cila është themeluar ndërmarrja publike;
- një anëtar dhe zëvendësi i tij, të punësuar në ndërmarrjen publike për të cilën është shpallur thirrja publike.

Neni 17-b

Procedura për seleksionimin e anëtarëve të këshillit drejtues të ndërmarrjes publike përbëhet nga dy faza:

селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

Член 17-г

Комисијата од член 17-а ставови 6 и 7 од овој закон најдоцна десет дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страната на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција и интервјуто, од кандидатите кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција, Комисијата од член 17-а ставови 6 и 7 од овој закон подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор, која се објавува на веб страната на основачот на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од ставот 4 на овој член, донесува одлука за именување на членови во управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот 5 на овој член на својата веб страна да ги објават кратките биографии на сите членови на управниот одбор.

Основачот на јавното претпријатие целокупната документација од постапката за селекција ја чува

- seleksionim administrativ dhe
- intervistë

Neni 17-c

Seleksionimi administrativ përmban kontrollin e të dhënave të shënuara në aplikimin me kushtet e përcaktuara në thirrjen publike, kontrollin e dëshmive të dorëzuara dhe vlerësimin e tyre me pikë.

Për kandidatët për të cilët gjatë seleksionimit administrativ vërtetohet se nuk i plotësojnë kushtet e përcaktuara në thirrjen publike ose nuk i kanë dorëzuar dëshmitë e nevojshme, procedura e seleksionimit përfundon.

Numri i përgjithshëm i pikëve për çdo kandidat të paraqitur përcaktohet në bazë të pikëve nga arsimi i përvetësuar dhe përvoja e punës në profesion.

Seleksionimi administrativ përfundon më së voni në afat prej 15 ditëve pas skadimit të afatit për aplikimin e kandidatëve për thirrjen publike.

Neni 17-ç

Komisioni nga neni 17-a paragrafët 6 dhe 7 të këtij ligji më së voni dhjetë ditë nga dita e përfundimit të seleksionimit administrativ realizon intervistë me kandidatë që kanë kaluar me sukses seleksionimin administrativ.

Data, koha dhe vendi i saktë i intervistës publikohen në ueb faqen e themeluesit të ndërmarrjes publike.

Në intervistë, përmes pyetjeve të situatës, kontrollohen kompetencat e përgjithshme të punës për anëtar të këshillit drejtues, ndërsa përmes pyetjeve profesionale ose detyrave praktike, kontrollohen kompetencat e veçanta të punës dhe bëhet vlerësimi i tyre me pikë.

Në afat prej tre ditëve nga dita e realizimit të intervistës, në përputhje me pikët e marra nga seleksionimi administrativ dhe intervista, nga kandidatët që kanë marrë të paktën 60% të numrit të përgjithshëm të pikëve nga të gjitha fazat e procedurës së seleksionimit, Komisioni nga neni 17-a paragrafët 6 dhe 7 të këtij ligji përgatit dhe i dorëzon themeluesit të ndërmarrjes publike listë e renditjes prej maksimum 15 kandidatëve të renditur më mirë për anëtarë të këshillit drejtues, që publikohet në ueb faqen e themeluesit të ndërmarrjes publike.

Themeluesi i ndërmarrjes publike më së voni 15 ditë nga dita e pranimit të propozimit nga paragrafi 4 i këtij

најмалку десет години согласно Законот за заштита на личните податоци.

Член 17 - д

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно Законот за управни спорови.

Член 17 –ѓ

Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно член 11 точка 7 од овој закон.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во следните случаи:

- по негово барање,
- ако неоправдано отсуствува на седниците на управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година,
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно одредбите од овој закон Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до

neni, merr vendim për emërimin e anëtarëve në këshillin drejtues të ndërmarrjes publike nga radhët e kandidatëve të renditur më së miri.

Themeluesi i ndërmarrjes publike dhe ndërmarrja publike janë të detyruara në afat prej 15 ditëve nga dita e miratimit të vendimit nga paragrafi 5 i këtij neni, në ueb faqen e tyre të publikojnë biografitë e shkurtra të të gjithë anëtarëve të këshillit drejtues.

Themeluesi i ndërmarrjes publike e ruan të gjithë dokumentacionin nga procedura e seleksionimit së paku dhjetë vjet në përputhje me Ligjin për mbrojtjen e të dhënave personale.

Neni 17 – d

Kandidatët e pakënaqur nga procedura e seleksionimit për anëtarët e këshillit drejtues të ndërmarrjes publike kanë të drejtë të iniciojnë kontest administrativ në gjykatën kompetente në përputhje me Ligjin për konteste administrative.

Neni 17 – dh

Themeluesi mund të shkarkojë të gjithë anëtarët e këshillit drejtues të ndërmarrjes publike para skadimit të mandatit nëse nuk jep pëlqimin për llogarinë vjetore dhe raportin për punën e ndërmarrjes publike, në përputhje me nenin 11 pika 7 e këtij ligj.

Themeluesi i ndërmarrjes publike mund të shkarkojë kryetarin ose anëtarin e këshillit drejtues të ndërmarrjes publike në rastet si vijon:

- me kërkesë të tij,
- nëse mungon padrejtësisht në mbledhjet e Këshillit Drejtues dy herë me radhë ose tre herë gjatë një viti kalendarik,
- nëse përcaktohet se në procedurën për emërimin e tij ka dhënë të dhëna të rreme dhe
- nëse me vendim gjyqësor të formës së prerë gjatë kryerjes së funksionit i është shqiptuar dënimi ndalimi i sanksionit kundërvajtës për kryerjen së profesionit, veprimtarisë apo detyrës

Në rast të vdekjes ose humbjes së aftësisë afariste,

| | |
|---|---|
